Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност за кастрење на дрво Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 1 (едно) дрво (бреза) што се наоѓа на **бул. ''Илинден'' бр.82 (на паркингот пред барака бр.16) – Скопје**
2. Кастрењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје во рок од 7 дена од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност вработено стручно лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје извршија непосреден увид на **бул."Илинден" бр.82 (на паркингот пред барака бр.16)** на ден **22.01.2026** година. При тоа е утврдено дека дрвото има суви и кршливи гранки коишто при посилен ветер постои опасност да паднат и да ги оштетат паркираните возила.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.
Во член 29 став 1 од неведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: "С" или кастрење "К").
Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвото има суви и кршливи гранки кои при посилен ветер постои опасност да паднат и да ги оштетат паркираните возила .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**22.01.2026** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

_______________

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

_______________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

_______________

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ), постапувајќи по службена должност,Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# РЕШЕНИЕ

1.Се укинива одложното дејствие на жалбата на решението бр.14-сл/2 од 22.01.2026 година донесено од градоначалникот на Град Скопје.
2.Решението бр.14-сл/2 од 22.01.2026 година донесено од градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по службена должност овој орган има направено удид на **бул."Илинден" бр.82 (на паркингот пред барака 16)** на ден **22.01.2026** година.
При тоа е утврдено дека дрвото има суви и кршливи гранки коишто при посилен ветер постои опасност да паднат и да ги оштетат паркираните возила.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои реална опасност од паѓање на суви и кршливи гранки и предизвикување на материјална или друга штета, за што постои јавен интерес за кастрење на дрвото па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-сл/3**
**22.01.2026** година
Скопје

**Доставено до: Барателот, ЈП “Паркови и зеленило –Скопје” Архива**

Изработил:
**Игор Трпковски**

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT-SHKUP